**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-47/4**
**13.03.2024 година**
**Дебар**

| | |
|---|---|
| **ООУ„Григор Прличев“- Охрид** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 18,19 и 20декември2023 година |
| **Број на извештај:** | број 19/југозападен/2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Џемо Демироски |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачниучилишта** | 1 (едно) |
| **Основач на училиштето:** | општина Охрид |
| **Наставен јазик:** | македонскијазик |
| **Број на ученици:** | 1079 |
| **Полова структура на ученици:** | 521машки и 558 женски |
| **Број на наставници:** | 75 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Јорданка Симиџиоска Недеска |
| **Директор на училиштето:** | Лилјана Ефтимоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28,29 и 30 јануари2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул,,Димитар Влахов,,бр.65 |
| **Телефон:** | 046 265 062 |
| **Факс:** | |
| **e-mail:** | ou-grigorprlichev-ohrid@schools.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | 3,36(добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014;33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ“ број86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 18 до 20 декември 2023 година, тим од тројца

државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Григор Прличев“- од Охрид.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, извршија посета на наставни часови, остварија комуникација и средба со раководниот тим на училиштето, со стручната служба, со Училишниот одбор, Советот на родители, Училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и не наставен кадар. Инспекторите посетија 45 наставни часови во централното и подрачнотоучилиште. ООУ „Григор Прличев“ – Охрид е општинско основно училиште со едно подрачноучилиште во населбата Рача.Наставата се изведува на македонски наставен јазик.Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика.Наставниците од прво до шесто одделение изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности:екскурзии, секциии слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.Учениците од ова училиште редовно учествуваат на училишни,општински,регионални и државни натпревари натпревари.Училиштето во последниве три учебни години има постигнато значителни резултати и тоа:

- За учебната 2019/2020 година Интернационална Јуниорска олимпијада по природни науки Емилија Николовска – бронзен медал Јуниорска македонска математичка олимпијада Меѓународен натпревар ASEF роботика Климент Симоноск Даријан Славковски – бронзен медал Математика - I награда Природни науки Никола Танески V одд - II награда Биологија Леонид Тодороски VII одд - I награда Митко Савев VIII одд - III награда Конкурс: „Штедам за моите желби, штедамзамојата иднина “ Матеа Колеска I одд - I награда „Ракатки“ Лина Боцеска VII одд - III награда Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија Тања Војдиновска IX одд - II награда

- Учебна 2020/2021 година: Јуниорската Македонска Математичка Олимпијада Леонид Тодороски VIII одд – сребрен медал Иван Буриќ VIII одд - I награда Теодора Трајческа IX од Јована Димоска IX одд - III награда Марко Крстаноски IX одд – пофалница Софија Милевска IX одд- пофалница ЛеонидТодороски VIII одд VIII одд IX одд I награда Софија Милевска IX одд - пофалница „Штедам за моите желби, штедам за мојата иднина“ - НБРМ Матеа Колеска II одд - I награда
- Учебна 2022/2023 година: општинско ниво: Меѓународен натпревар во Босна и Херцеговина – Хидраулика Лео Нелоски IX одд – златен медал Математика Елена Секулоска VI одд - I награда Јана Шешоска VI одд - II награда Англиски јазик Никола Танески VI одд Хемија Теона Талевска IX одд - II награда Природни науки Софија Смическа VI одд - I награда Елена Секулоска VI одд - III награда Јана Каневче V одд - I награда Стефан Таштаноски V одд - I награда Иван Мицески V одд - II награда Ангела Стефаноска V одд - III награда Драгана Ристеска V одд - III награда Константин Петрушевски V одд - III награда Ангела Божиноска IV одд - I награда Мартин Николовски IV одд - II награда Петар Андоноски V одд - III награда Физика Јон Ѓорѓиевски VIII одд - III награда Биологија Никола Танески VIII одд - I награда Виктор Милески VII одд - III награда.

Во училиштето се реализираат содржини за Меѓуетничка интеграција во образованието преку програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови иинтегрирани содржини во наствните содржини по други предмети во самото училиште. Училиштетонема партнер училиште. Училиштето има формирано Инклузивен тим со Одлука број 02-283/1од 06.07.2022 година, и истиот има изработено Програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето има три ученика со ПОП и МКФ од минатата и 3 од оваа учебна година со наод и мислење и за нив се обезбедени три образовни асистенти.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб.

Училиштето има стручна служба и тоа педагог,психолог и библиотекар,нема дефектолог кој би бил од голема помош во училиштето. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење нанапредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помошна учениците.Стручната служба во својата Програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворен за соработка. Еднаш до два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од стручната служба, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите.Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува соодветни планирања во електронска форма а кај стручната служба сите имаат доставено во печатена форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на БРО, односно наставниците кои предаваат во прво,второ, четврто, петто и шесто одделение изготвуваат планирања според насоките за новата концепција во основното образование.Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата и во одделенска настава и во предметна настава во поголем дел е активно, динамично и има работна атмосфера. Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките.Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго.Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди.Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие,

трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната згради. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има План за евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации со број 09/2-325/2 од дирекцијата за заштита и спасување од Охрид,заведено во училиште под број 03-467/1 од 2021 година.Во училиштето има обучени 7 наставници со серттификат за давање вна брза помош.Согласно донесениот план за Евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации,училиштето два пати во учебна година прави вежби-симулации. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Учениците и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои сесметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на едукативни работилници, прирачници и брошури, како и преку презентација на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници. Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето.Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.Извршена е дезинфекција,дезинсекција и дератизација од епидемиолошката служба при ЈЗУ,,Центар за јавно здравје,, од Охрид со поптврда број 1145.

Училиштето поседува вкупно 13 противпожарни апарати кои се сервисирани ан 07.12.2023 година. Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини. Сите вработени во училиштето вршат редовни систематски прегледи на секој две години,согласно закон. Последен систематски преглед на вработените во училиштето е извршен на 11.12.2023 година од ЈЗО,,Здраствен дом,, од Охрид со број 11-9/94 заверен во училиште со број 03-465/1 од 13.12.2023 година.Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење. Училиштето има и реализира Програма за грижа за здравјето на учениците. Во училиштето се реализирани следноиве предавања за здравје:Со физичка активност до здраво срце“ -7-ми Април 2023 др- Виолета Мојсоска Наумока „Луѓето во бел мантил знаат многу занашето здравје д-р Христина Павлоска ,д-р Ксенија Мајсторовиќ, Павлина Љ .Богоевска-фармацефт, Наташа Деспотоска - фармацефт, Влатко Иваноски –др .стоматолог, Снежана Иваноскадр. Стоматолог „Јас и светотоколумене“ предавање за ментално здравје- Црвенкрст. Училиштето организира активности и има План и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институцииодградот Охрид и Јахја Кемал од Струга.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е добар ие во нагорна линија. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на

сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот кадар,стручната служба и наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето.Училиштето има посебна просторија за прием на родители во секое време од денот.Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни. Добра пракса на соработка бележи со родителите,кои со учениците организираат добротвборни акции во училиштето а добиените средства се користат за обезбедување на нагледност и други материјали потребни за учениците.Пред интегралната евалуација беше спроведена акција од родителите во украсување на училиштето по повод завршување на првото полугодие и новогодишните празници.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работатанаучилиштетосеодвивавоедноцентралноучилиште во две згради и едно подрачно училиште во населбата Рача. Училиштето има обезбедено 75 наставници и тоа 67 на неопределено работно време и 8 на определено работно време,од кој еден е ментор и тоа е доволен број за реализирање на воспитно-образовниот процес.Во училиштето се детектирани шест деца со ПОП и МКФ проценка,8 ученици минатата учебна година и 18 ученици оваа учебна година со потешкотии во учењето. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласноидентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми.Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и истиот е насочен за подобрување на наставата и учењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата,

промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна Самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето. Има воспоставено добра соработка со непосредната и пошироката заедница.Таа соработка резултира со промена на дограмата во новата училиштетучилишна зградаво месец јануари 2020 година, со што се пристапи кон енергетска ефикасност и заштеда на енергија. Извршено е целосно осветлување на надворешноста на училиштето , уредување на училишниот парк кај бистата на поетот и извршено е бојадисување на надворешните зидови.

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето ги има фклучено сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето. Училиштето настојува постојано да го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализатана претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Григор Прличев“ од Охрид – е добра (3,36)[1]

Самоевалуација: број 03-233/1од 13.05.2022година
Развојна програма:број01-390/1 од 12.08.2022 година.
Годишна програма: број 01-300/2 од 31.07.2023 година, Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето со број 08-12881/30 од 29.08.2023 година
Годишен извештај: број 01-300/1 од 31.07.2023 година
Инклузивен тим на училиштето: број 02-283/13 од 06.07.2023 година.
Тим за меѓуетничка интеграција: број 02-100/4 од 25.02.2022 година.
Партнер училиште:нема
Не е формиран Училишен спортски клуб.

Училишните објекти и во централното и подрачното училиште се осигурани со полиси

Ученичката заедница/ученичкиот парламент брои 31член, претседатели од сите 6 класови Ученичкиот парламент низ демократска процедура од 26 присутни преставници од учениците,стручната служба на училиштето,претседателот на совет на родители со тајно гласање за претседател е избрана Дариа Митреска, а за заменик претседател Искра Гоџо. Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Претседателот учествува во работата на Училишниот одбор на училиштето. Во училиштето има дете правобранител, претседател е Нина Кузманоска.

## Карактеристики на училиштето

ООУ „ГригорПрличев" - Охрид е основно деветгодишно училиште сместено во централниот дел на градот лесно пристапно за учениците, родителите и другите заинтересирани субјекти. Согласно одлуката за реонизација училиштето опфаќа ученици од својот реон и учениците од другите реони. Според постојните педагошки ,образовни, просторни и материјално-технички услови училиштето спаѓа во редот на високоразвиените училишта. Во училиштето вкупно се вработени 89 лица од кои 75 се наставници,3 стручни соработници,1 административен раборник,1 директор и 9 помошно технички персонал.

Училиштето е основано со акт УС72/74 од 09.10.1087 во Битола со решение бр.418/87 и верифицирано за дејноста основно образованиесо решение бр.04-3266/2 од 03.06.1985 годинана Секретаријатот за вонстопански дејности при СО -Охрид. Централното училиште располага со две училишни згради (стара изградена 1959 година и нова , изградена 1990 година), а подрачното училиште со една училишна зграда изградена во 2001 година. Старата училишна зграда во која настава следат учениците од одделенска настава располага со 13 универзални училници, административен дел за директорот, стручната служба, секретар, наставничка канцеларија, библиотека, помошни простории за техничкиот кадар и санитарни јазли за учениците и наставниот кадар.

Новата училишна зграда располага со 14 училници наменети за кабинетска настава (училниците имаат ЛАН компјутерска и интернет конекција), кабинети за наставниците, наставничка канцеларија, 3 санитарни јазли (за учениците и наставниците) и спортска сала која ги задоволува потребите за изведување настава. ООУ„Григор Прличев"-Охрид има училишен двор кој е хортикултурно уреден со зимзелени и листопадни садници. Училишниот објект во ПУ во населба Рача располага со 5 универзални училници опремени со нов училишен инвертар, работна просторија за наставниците, санитарни јазли за наставниците и учениците, заградено спортско игралиште и училишен двор кој треба хортикултурно да се доуреди.

Училишните објекти се одржуваат и се во добра состојба. Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на настава и вонннаставни активности, и се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар. Наставата се одвива во две смени. Училиштето поседува 13 противпожарни апарати ( 11 во центраното училиште и 2 во подрачното училиште) кои се редовно сервисирани,последното сервисирање е на ден 07.11.2023 година, 3 хидранти и функционална громобранска инсталација која редовно се мери и сервисира.Училишниот простор се затоплува со сопствено парно греење на нафта. Училишните објекти,опремата,учениците и дел од вработените се осигурани. Училиштето во континуитет работи на подобрување на условите за работа во училиштето. Во месец јануари 2020 година променета е дограмата во новата училишна зграда со што се пристапи кон енергетска ефикасност и заштеда на енергија. Извршено е целосно осветлување на надворешноста на училиштето , уредување на училишниот парк кај бистата на поетот и извршено е бојадисување на надворешните зидови.

СоОдлуканаучилишниотодбор бр.01-390/6од 18.10.2023година, извршено е усогласување на Статутот на училиштето број 01-442/1 од 2019 година, согласност од основачот со број 08-17168/104 од 30.11.2023 година со измените во Законот за основно образование, за кој е добиено Решение за согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнувањена Статутотна ОУ„ГригорПрличев"- Охрид од Министерството за образование и наукабр. 181118-57 од 30.01.2020 година.

Училиштетоостварувасоработкасоинституцииодлокалнатасредина, деловнатазаедница, здруженијанаграѓани и невладиниорганизации.

# 1

# 2 Наставни планови и програми

## 2.1 Реализацијата на наставните планови и програмa

Воспитно-образовниот процес во ООУ„ГригорПрличев"-Охрид се реализира според наставниот план и наставните програми за основно деветгодишно образованиеизготвени од Биро за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.

Наставниот план и наставните програми во училиштето се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите на основното обрзование. Содржините на наставните програми се реализираат според предвидениот фонд на наставни часови и истите се прилагодуваат на спецификите на локалната средина при тоа водејќи сметка за потребите и интересите на учениците.

За сите промени во наставниот план и наставните програми, училиштеторедовноги информира родителите на учениците на родителските средби кои сеорганизираат на почетокот на учебната година, индивидуалните средби со родителите и преку советот на родители. На почетокот на учебната година на родителите им се поделуваат брошури во кои родителите се запознаваат исто така со наставните планови и програми како и соработата на училиштето.

Училиштето посебно внимание посветува на учениците со посебнио бразовни потреби и ранливата категорија на ученици. Во училиштето работи Училишен инклузивен тим составен од наставници, стручна служба, специјален едукатор и рехабилитатор ангажиран од центарот за поддршкаво учењето ООУ „Свети Климент Охридски" Охрид и родители, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиште. За секој ученик со посебни образовни потреби формирани се посебни инклузивни тимови кои за потребите и можностите на ученикот изготвуваат индивидуални образовни програми. За оваа категоријана деца во оваа учебна година биле ангажирани 3 образовени асистенти. Училишниот инклузивен тим работи посопствена програма за работа. Посебните инклузивни тимови за секој ученик изработуваат индивидуален образовен план соласно на потребите на ученикот во којсе дефинирани целите кои требада се остварат.

На ниво на училиште се организираат интерни обуки и се обезбедуваат наставни сретства и помагала за работа со овие деца. Со цел да се обезбеди поефикасно инклузивнообразование училиштето активно соработува со Стручното тело за проценка, Ресурсниот центар„ Кочо Рацин"- Битола и Центарот за подршкана учењето ООУ„Св .Климент Охридски"- Охрид. Во училиштето постојат пропишани процедури за грижа за

учениците со посебни образовни потреби и процедури за изработка и следење на индивидуалните образовни програми.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план за соодветното одделение и дава можност учениците да вршат избор на наставни предмети. Изборот на предмети во училиштето се врши по електронски пат и со писмено изјаснување - анкета, со изјава на родителите на секој ученик, а попретходно запознавање со целите и задачите на предметите.Покрај редов натанастава во училиштето планирани се и се реализираат дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.

Според Концепцијата за основно образование, училиштето во согласност со родителите реализира проширена програма за прифаќање на децата од прво до петто одделение, еден час пред започнувањето нанаставата и еден час по завршувањето на наставата. Со продолжен престој се опфатени ученици од одделенска настава од прво до петто одделение во централнотоучилиште.

## 2.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето на состаноците на своите органи прибира и разгледува мислења за наставниот план, наставните програми и помагала од наставниците и родителите о да спектна мулти културализам, родова и етничка рамноправност.

Наставниците во училиште топланираат и реализираат интегрира на настава .

Во наставните програми се вметнати и содржини за развивање на самодовербата, иницијативност, одговорност, почитување на различностите и јакнење на свеста за припадностана РСМ како мултикултурно општество.

Наставниот план и наставните програми се разгледуваат на стручните органи на училиштето и советот на родителин о училиштетоно во изминатиот период нема покренато иницијатива за промена нанаставниот план и наставните програми до Министерството за образование и наука.

## 2.3 Воннаставни активности

Училиштето во својата годишна програма за работа планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.

Учениците активностите ги избираат врз принципи на слободен избор така што ги задоволуваат своите желби и потреби, ги развиваат своите способности и ја манифестираат својата креативност. Најголемиот број на ученици имаат можност во зависност од нивните желби и можности да бидат вклучени во воннаставни активности не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците од ранливите категории.

Наставниците одговорни за слободните ученички активности во месец септември ги информираат учениците за можностите кои истите ги нудат. За сите воннаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат , како и инструменти за следење на реализацијата на слободните активности на учениците.Учениците се вклучени во изборот и делумно во планирањето на работата на воннаставните активности.

Голем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите , мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето. Учениците по сопствен избор се вклучуваат во многубројните секции организирани во рамките на слободните ученички активности. Во училиштето работат повеќе секции за проширување и продлабочување на наставните содржини во кои учениците доброволно се вклучуваат.така се организирани да може секој ученик да се пронајде во некоја секција. Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локалните, регионалните и државни натпревари. Во периодот 2019-2023 година учениците од оваа училиште имаат освоено:Општински натпревари:По македонски јазик 2 први награди,2 втори награди и 1 трета награда,По математика 3 први, 5 втори и 5 трети награди,Физика-2 први места,2 втори места и 2 трети места,Природни науки-1 првоместо,3 втори места и 2 втори места.Регионален натпревар по Географија 1 втора награда.Државен натпревар 1 прва награда по ликовно образование,1 втора награда исто по ликовно образование и учество на меѓународен натпревар во Р.Албанија и освоена е една трета награда по Физика. Училиштето на различни начини настојува да ги промовира постигнувањата на сите ученици вклучувајќи ги и учениците со посебни потреби. Реализираните воннаставни активности и работата на училишните секции училиштетоги промовира преку истакнување на соопштенија на web страната на училиштето, на прославата по повод патрониот празник на училиштето преку доделување нанагради. Во училиштето се организираат интерни конкурси и натпревари: литературни и ликовни конкурси и натпревари во знаење за учениците од одделенска настава.

Воучилиштетонемарегистрираноучилишенспортскиклуб.

Во период од 2014 година во училиштето континуирано се имплементира Проектот за меѓуетничка интеграција во бразованието. Во овој проект се вклучени учениците , наставниците и вработените во стручната служба. За реализација на проектот пред почетокот на секоја учебна година се изготвува Акционен план со детално објаснување за очекуваните резултати , условите , реализаторите и термините за реализација на планираните активности. Во креирањето на овој план учествуваат членовите на СИТ-от, односно координаторите како одговорни членови за одделени МИО активности. Во годишната програма има глобален план за акција во која јасно се дефинирани целите на заедничките мултиетнички активности во образованието .

Наставниците учествувавле на стручно усовршување и на работилници за професионално усовршување од оваа област.

Училиштето нема партнер училиште за реализирање на заеднички активности . Секој наставник во своите годишни планирања планира часови за меѓуетничка интеграција во образованието.

# 3 Постигања на учениците

## 3.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди.

Во училиштето се прават споредбени анализи на постигањата на учениците во последните три учебни години.

Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците уредно се внесени во дневниците на паралелките-е-Дневник, евидентните листови на учениците како итромесечните извештаи. Постигањата на учениците се разгледуваат на одделенските и наставнички совети и на ниво на активи, каде се предлагаат мерки за повисоки постигнувања.

Средниот успех на учениците на ниво на училиштепоследните три годиони е следен: во учебната 2020/2021 година изнесува: 4,66; во 2021/2022 година изнесува: 4,63, додека во учебната 2022/2023 година изнесува 4,66.

Учениците од ова училиште редовно учествуваат на натпревари од училишно,општинско,регионално до државно ниво.

Стручната служба на училиштето во рамките на својата Годишна програма за работа има планирано активности за поддршка на надарени ученици и за учениците што имаат потешкотии во учењето.

Во училиштето нема специјален едукатор – дефектолог, но има три образовни асистентиза три деца со посебни образовни потреби со наод и мислење.

Постигањата на учениците на секое тримесечие редовно се презентираат и се известуваат учениците и родителите.

Од страна на стручната служба се врши анализа на истите и се врши советување на учениците и родителите за постигнување на поголем успех,подобрување на редовноста и дисциплината,а за учениците кои покажуваат подобри постигања се поттикнуваат да се вклучат во додатната настава и слободните ученички активности.

Во состав на Годишната програма за работа се планирани активности од проектот Мултиетничка интеграција во образованието внатре во училиштето.Реализирани се повеќе активности:одржани заеднички часови, отворен ден по граѓанско образование, заеднички креативни работилници,изработка на промотивни видеа за патрониот празник на училиштето и други позначајни датуми.Училиштето во последните три учебни години

апплицирало и добило средства од локалната самоуправа за дополнување на нагледноста во училиштето.

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето чиј нброј е 8 минатата и 18 оваа учебна година, учениците со попреченост 3 минатата и 3 оваа учебна година и надарените ученици 31 минатата и 16 ученици оваа учебна година,каде што континуирано го следи нивниот напредок.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна и додатна настава. Преку реализација на дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности и воннаставните активности, учениците ги развиваат своите индивидуални способности.

### 3.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштетодобива информации и податоци од локалната самоуправа за учениците обврзници во прво одделение.Директорот на училиштето со стручната служба е активно вклучен во прибирање на информации со цел навреме да се прифатат и запишат сите деца –обврзници со навршени 6 години во прво одделение во централното и подрачното училиште во населбата Рача.

Оваа учебна година во прво одделение се запишале 125 ученици во централното и 5 ученици во подрачното училиште.

До родителите кои имаат деца за запишување во прво одделение, лично се доставуваат покани за запишување на нивните деца. Училиштето изработува брошура и преку својата веб страна се информираат родителите за работата на училиштето. Се истакнуваат соопштенија во училиштето за уписот на ученици во прво одделение.

Во училиштето континуирано се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата и се превземаат мерки за подобрување на редовноста на учениците. Од податоците со кои располага училиштето за изостаноците на учениците во учебната 2020/2021 година бројот на изостаноци изнесува 10126 оправдани изостаноци и 388неоправдани изостаноци; во учебната 2021/2022 бројот на изостаноци изнесува 24778 оправдани изостаноци и 275 неоправдани и во учебната 2022/2023 бројот на изостаноци изнесува 34655оправдани изостаноци и 214 неоправдани.Училиштето постојано ја следи состојбата со редовноста на учениците во наставата по периоди. Одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање иподобрување на редовноста на учениците.

Стручната службаво училиштето ги спроведува советувањета на родителите, на учениците кои покажуваат намален успех во учењето, нередовно посетување на наставата или несоодветно однесување. Во учебната 2022/2023година извршени се 7 советувања на родители на ученици за намален успех и нередовно посетување настава,за првото тромесечие од оваа учебна година се направени 11 советувања.

Во училиштето во последните три учебни години намален е бројот на осипување на ученици.Учебната 2022/2023 година осипано е за 18 ученици а оваа учебна година само 3 ученици си заминале.Бројот на дојдени ученици е 10 минатата учебна година и 3 ученици оваа учебна година.Осипувањето е по барање на родителот, поради промена на местото на живеење а најчесто поради заминување во странство.Број на надарени ученици е 31 минатата година и 16 оваа учебна година,ученици кои го продолжиле своето образование

е 120.Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште.

### 3.3 Повторување на ученици

Во училиштето во претходните три учебни години нема ученици кои ја повториле годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите за правото за поднесување на жалба.

# 4 Учење и настава

### 4.1 Планирања на наставниците

Директорот и стручната служба во годишните програми имаат планирани. Активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Директорот и стручната служба ги следат планирањата на наставниците при нивното доставување , истите се потпишани од директорот на училиштето. Доставувањето напланирањата е навремено. Пред почетокот на учебната година стручната службана наставниците им дава насоки за изготовување на годишните и тематските планирања согласно на Наставните планови и програми за тековната учебна година. Училиштето на наставниците им обезбедува учество на семинари и разни обуки во соработка со советниците од Бирото за развој на образованието и им дава инструктивна помош на наставниците-приправници од страна на назначените наставници-ментори. Во учебната 2021/2022 година еден наставник во училиштето се здобил со звање наставник – ментор. Од посетата на часови и увидот во документацијата на училиштето се констатира дека наставниците располагаат со дневен оперативен план за час кој ги содржи сите потребни елементи. За реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни-глобални, тематски планирања и дневни-оперативни планови за час. Наставниците кои работат согласно на Новата концепција во одделенска настава од прво до петто одделение изработуваат планирања согласнона новите барања: годишни, неделни и дневни сценарија за час. Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава, одделенскиот час со содржини од програмата образование за животни вештини, програми за слободните ученички активности и план за родителски средби. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Истите имаат определени цели, форми, методи, техники на учење, очекувани резултати, применана ИКТ, примена на еко активности а се планираат и содржини од проектот МИО. Наставниците годишните и тематските планирања ги изготвуваат во рамките на стручните активи каде вршат размена на идеи и искуства. Распоредот на часови го изработува тим задолжен од странана директоротна училиштето во соработка со наставниците и директорот.

### 4.2 Наставен процес

Поголем дел од наставниците користат интерактивни форми, методи и техники на работа, работа кои се соодветни на потребите на учениците. Дополнителната и додатната настава се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците.

Постои распоред за дополнителна и додатна настава. Наставниците во наставата користат само одобрени учебници и прирачници. Задачите и активностите што наставниците ги задаваат на учениците соодвествуваат со целите на наставната програма и соодвествуваат спрема потребите на учениците. Воспитно-образовната работа во училиштето се следи од страна на директорот и стручната служба, преку посета на часови во текотна учебната година и увид во педагошката евиденција и документација. Секој наставник се посетува на час барем еднаш во учебната година од директорот или стручната служба.  За посетитена часовите од редовната на ставадиректорот  и стручната служба имаат соодвет на документација.

Од посетата на наставниците на час констатирано е дека поучувањето е соодветно на возраста и нивото  на образование на учениците. Учениците се вклучуваат во најразлични ативности без разлика на пол, социјална структура и успех. Во зградата во централното училиште сите училници се опремени со по еден компјутер за наставниците и еден телевизор кои ги користат при изведување на наставата. Исто така има две училници опремени со компјутери кои се користат во наставата. За реализирање на новите наставни програми училиштето има обезбедено и 11 таблети за учениците. Училиштето има проектори за  потребите на наставата.  Во училиштето има стабилна интернет конекција . Од увидот во тематските планирања и  посетените наставни часови се констатира дека сите наставници планираат ИКТ при реализација на наставата. Восоставн а Годишната програма за работана училиштето има Еко-програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “. Во неа се испланирани активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Формиран е Еко-одбор, Еко-патроли, донесен е Еко-кодекс и превземени се активности во едукацијана учениците и сите вработени во училиштето за подигање на свестаз а екологијата.  Во состав на Годишната програма за работа се планирани активности од проектот Мултиетничка интеграција во образованието .

### 4.3 Искуства на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците се соодветни спрема бројот на ученици .Ученичките трудови недоволно се изложуваат во училниците.   Поголем број од учениците се мотивирани за учење и покажува атактивност за време на часовите, како и интерес за учење. Наставниците ги поттикнуваат учениците да преземаат одговорност и применуваат техники во наставата за начинот на кој се учи во училиштето да биде интересен и учениците да стекнат трајни знаења најголем дел во одделенска настава по малку во предметна настава.  За време на часовите се употребуваат различни методи и форми со кои се охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат и  да поставуваат прашања, самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат и активно да се вклучуваат во наставата.

### 4.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар ,педагогот и  психологот ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учењена секој ученик и превземаат активности за нивно отстранување. Идентификација на образовните потреби на учениците ја вршат самите наставници во процесот на наставата преку следење на учениците како и педагогот и психологот во училиштето. Дел од наставните содржини се прилагодуваат согласно на потребите и можностите на учениците. Во училиштето постои училишен

инклузивен тим,02-283/13 од 06.07.2023 година ,кој се грижи за спроведување на инклузивното образование како и инклузивни тимови посебно за учениците со посебни образовни потреби за кои се изработуваат индивидуални образовни планови. Во училиштето оваа учебна година има анажирано три образовни асистенти. Од спроведената анкета со репрезентативен број на ученици и разговорот со учениците и преставниците на ученичкиот парламент се констатира дека најголемброј анкетирани ученици се согласуваат дека училиштето им помага да стекнат поголема самодоверба, предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни, наставниците им даваат добри совети како да го подобрат својот успех, им кажуваат колку добро напредуваат во учењето и дека учениците се пофалуваат кога ќе направат нешто добро најчесто во одделенска настава а помалку во предмет на настава.

Дел од родителите имаат забелешки на наставните програми за кои сметаат дека се пре обемни и има тематски единици напишанина висок стил и неприлагодени спрема возрастана нивните деца.

## 4.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти на оценување: усно испрашување, наставни ливчиња, тестови, чек листи за следење на активностите на учениците на часот, самооценување и изработка на домашни работи.

За учениците со посебни образовни потреби оценувањето се врши според индивидуалниот образовен план и предвидените цели и се врши евалуација на истите на полугодие и крајот на учебната година. Во целост се почитува законската одредба за информирање народителите за оцените на учениците во сите периоди на оценување. На наставнички совет, стручни активи и на совет на родители се разгледува успехот на учениците. Во училиштето педагошките мерки за учениците се изрекуваат согласно на Законот. Училиштето има тим за поддршка кој го следи изрекувањето на педагошките мерки и врши советодавна работа со родителите и учениците. Се врши анализа на педагошките мерки и на поведението во училиштето и од страна на директорот и стручната служба се следи изрекувањето на педагошките мерки.

Оценувањето им помагана учениците да ги подобрат постигањата.

Наставниците со учениците го дискутираат нивниот напредок. Информациите добиени од оценувањето дел од наставниците ги искористуваат за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

## 4.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно и навремено ги известува родителите за напредокот на нивните деца . За својот напредок учениците редовно усмено се известуваат од одделенскиот раководител и предметниот наставник во текот на учебната година.

За постигнатиот успех учениците добиваат евидентни листови и свидетелства.

За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби кои редовно се одржуваат во училиштето,

индивидуални родителски средби ,преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање. Училиштето е отворено да одговари на прашањата и интересирањатана родителите за напредокот на нивните деца. Родителите добиваат информации за успехот и редовноста на своето дете и од програмта Е-дневник, зашто се навремено и формирани за напредокот на своетодете.

# 5 Поддршка на учениците

## 5.1 Севкупната грижа кон учениците

Училиштето поседува безбеден простор за изведување на воспитно образовниот процес.Инфраструктурата во училиштето е безбедна во централното како и во подрачното училиште во населбата Рача. Училиштето има План за евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации со број 03-467/1 од 2021 година,добиено мислење од дирекцијата за заштита и спасување од Охрид со број 09/2-325/2 од 2021 година. Согласно донесениот План за евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации,училиштето два пати во учебна година прави вежби-симулации.Училиштето поседува 13 против пожарни апарати кои се сервисирани на ден 07.12.2023 година.Во училиштето нема појави на употреба на никотин, алкохол или наркотични средства. Учениците се снабдуваат со храна од дома и од непосредните продавници на училиштето.

## 4.2.Здравје

Во сите три училишни згради хигиената е задоволува, тоалетите се добри,очигледен е недостаток од технички персонал за одржување на хигиената,бидејќи станува збор за големо училиште со голем број на ученици.Хигиената во другите простории во училиштето е добра.

Училиштето прави напори за правилно одржување на личната хигиена кај учениците и вработените.Во тоалетите има обезбедено доволно сапун за учениците. Во училиштето има поставено корпи за отпадоци. Во училишниот двор има доволно корпи за отпадоци и клупи за одмор на учениците. Училиштето имаизградено пристап но истиот не е доволно уреден за децата со телесен инвалидитет и ПОП. Континуирано се врши систематски преглед на учениците,а за вработените на секои две години согласно закон.Учениците редовно ги примаат потребните вакцини. Извршен е систематски преглед на вработените од ЈЗО,,Здраствен дом,,Охрид со број 11-9/94 а во училиште со број 03-465/1 од 13.12.2023 година. Извршена е дезинфекција,дезинсекција и дератизација на училиштето

од овластена фирма,ЈЗУ,,Центар за јавно здравје,, од Охрид со потврда број 1145. Наставниците и стручната служба одржале предавања на тема „Здравје“, „Хигиена и хигиенски навики“, „Заштита од заразни болести“. Во Програмата за работа на стручната службапланирани се активности за идентификување и работа со родители и ученици со емоционални потешкотии. Училиштето приложи документација од која што можеше да се констатира дека училиштето дава подршка и работи со ученици со емоционални и други потешкотии.

### 5.3 Советодавна помош на за понатамошно образование на учениците

Стручната служба придонесува за советодавната работа, следење на напредокот на учениците на кои им е потребна помош, разговор со родители, следење на наставниот процес и друга стручна помош. Училиштето има соработка со средните училишта од општината Охрид, кои со помош на презентации и излагања ги запознаваат учениците со насоките и образовните профили и можноста за натамошно образование. Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците.Секоја година за учениците од деветто одделение се спроведува анкета за идно занимање. Училиштето соработува со здравствените установи во градот, Црвениот крст, Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука

### 5.4 Следење на напредокот

Училиштето изготвува Извештај за напредокот на учениците по паралелки и Годишен извештај со заклучни согледувања и се следи иандивидуалниот напредок на учениците.Инклузивниот тим врши следење на индивидуалниот напредок на учениците со посебни образовни потреби кои се инклузирани во редовното образование. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците по паралелки и на ниво на училиште.Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните и предметните наставници, како и родителите за следење на напредокот на учениците. Континуирано се следи и вреднува напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

# 6 Училишна клима

## 6.1 Училишна клима и односи во училиштето

ООУ„Григор Прличев“-Охрид е училиште со изграден имиџ во средината во која работи и е препознатливо по својата добра работа и постигањата на учениците во различни области. Најголениот дел од наставниот кадар има углед кај родителите, во училиштето владее позитивна работна атмосфера, а учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.

Однесувањето и начинот на комуникација на најголемиот број на вработени во училиштето, учениците и родителите се поставени врз принципите и правилата на однесување кои создаваат пријатна среднина за работа, престој и целокупен развоја на личноста. Овие принципи се вградени во етичките кодекси за наставниците, учениците и родителите во чија изработка учествувале повеќето субјекти во училиштето. Изработените кодекси се истакнати во училишните холови, наставничката канцеларија, огласните табли и училниците.

Училиштето има пропишани процедура за постапување во случај на нарушување на дефинираните правила на однесување.

Училиштето негува позитивна клима за работа, преку рамноправен третман и взаемно почитување на сите структури кои учествуваат во животот на училиштето. Во него постои професионална соработка меѓу вработените и истата е на доста високо ниво. Раководниот и наставниот кадар во училиштето играат важна улога во одржување на позитивна работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Со наставниците и вработените кои несоодветно се однесуваат училиштето се справува на благовремен и праведен начин. Вработените во училиштето подеднакво се

однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Дисциплина на учениците во текот на наставата и воннаставните активности главно задоволува. Наставниците водат грижа за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, одморите, при доаѓањето и заминувањето од училиштето. Во случај на пријава на насилство училиштето веднаш постапува според донесениот прирачник за пријавување насилство кој во употреба е од учебната 2021/2022 година. Директорот на училиштето има назначено контакт лице за пријавување на насилство. Во случај на прекршување на правилата на однесување од страна на учениците училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Учениците секогаш навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Во училиштето формирана е ученичка заедница, ученички парламент, училишен правобранител, детска организација и помладок на црвениот крст. Преку овие органи учениците земаат учество во решавањето на проблемите и донесуваат одлуки што се од нивно значење.

### 6.2 Промовирање на постигањата

Училиштето посебно внимание посветува на промовирање на личните постигања на учениците. Континуирано работи на промоција на личните постигања на учениците и наставниците преку доделување на награди, дипломи, пофалници,објави во локалните печатени и електронски медиуми, фејсбук и веб страната на училиштето.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво и постои систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа.

Во последните три години учениците учествувале на повеќе регионални и државни натпревари по македонски јазик, англиски јазик, математика, физика, биологија, хемија, географија ,историја и на истите постигнале солидни резултати. Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

Информациите за постигнатите успеси на учениците се презентираат пред сите ученици во училиштето преку читање на соопштенија од евидентната книга на учениците, преку соопштенија истакнати на огласните табли, преку објавување на рејтинг листи во училишниот весник„Лаври“,на својата веб страна,во брошурата за прием на првачиња, во рамки на активностите на училишната заедница и други облици на информирање што ги спроведуваат училишните тимови по одделенија и подрачја.

Училиштето се промовира преку индивидуалните и групните достигнувања на учениците, презентирајќи ги на веб страната на училиштето, во локалните електронски медиуми и портали, како и во локалните телевизии.

### 6.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со Повелбата за правата на децата и истите ги почитуваат. Училиштето води политика на поттикнување на учениците да ги практикуваат своите права преку почитување на истите од страна на наставниците, стручната служба и останатите вработени во училиштето.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво, но и во училиштето. Доколку учениците забележат каква било форма на злоупотреба на туѓите или на личните права, можат во секое време да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или до соодветната служба во училиштето. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Во рамки на проектот за меѓуетничка интеграција училиштето нема партнер училиште.

### 6.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето континуирано креира и негува партнерски однос со родители кој се темели врз градење на меѓусебна доверба . Преку континуираното и навремено информирање на родителите за сите случувања во училиштето, преку добивање информации по електронски пат, преку печатење на брошури и учество на претставници од сите структури во органите на училиштето се настојува истите што поактивно да бидат вклучени во животот и работата на училиштето.

Родителие на учениците се максимално вклучени во активностите на училиштето. Во рамки на годишната програма училиштето планира активности за соработка со родителите и нивно вклучување во животот на училиштето преку учество на трибини, отворени едукативни часови, работилници, проектни активности, учество на манифестации и саеми на креативноста, учество на емисии на локални медиуми, проекти за заеднички настап пред донаторите, учество и подршка на донаторските активности,

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за проблемите на нивното дете во училиштето да се обратат до стручната служба. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница преку вклучување во одбележувањето на значајни датуми и организирањето на разни манифестации; посета

на одредени локални институции со цел реализирање на одредни наставни содржини, реализирање на одредни инфраструктурни проекти и други активности. Соработката со деловната заедница најчесто опфаќа обезбедување донации за реализација на значајни активности во училиштето (одбележување на патрониот празник и подршка на учениците при учество на разни манифестации надвор од училиштето).

# 7 Ресурси

## 7.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ„Григор Прличев“-Охрид е централно деветгодишно училиште кое е лоцирано во централното градско подрачје, на улица „Димитар Влахов“ бр.65 во Охрид и ги опфаќа учениците од централното градско подрачје . Во состав на ООУ„Григор Прличев“-Охрид, работи ПУ во населба Рача кое ги опфаќа учениците од тоа подрачје. Наставата во училиштето се одвива на македонски наставен јазик. Централното училиште располага со две училишни згради (стара изградена 1959 година и нова , изградена 1990 година), а подрачното училиште со една училишна зграда изградена во 2001 година. Старата училишна зграда во која настава следат учениците од одделенска настава располага со 13 универзални училници, административен дел за директорот, стручната служба, секретар, наставничка канцеларија, библиотека, помошни простории за техничкиот кадар и санитарни јазли за учениците и наставниот кадар. Новата училишна зграда располага со 14 училници наменети за кабинетска настава (училниците имаат ЛАН компјутерска и интернет конекција), кабинети за наставниците, наставничка канцеларија, 3 санитарни јазли (за учениците и наставниците) и спортска сала која ги задоволува потребите за изведување настава.

ООУ„Григор Прличев“-Охрид има училишен двор кој е хортикултурно уреден со зимзелени и листопадни садници. Училишниот објект во ПУ во населба Рача располага со 5 универзални училници опремени со нов училишен инвертар, работна просторија за наставниците, санитарни јазли за наставниците и учениците, заградено спортско игралиште и училишен двор кој треба хортикултурно да се доуреди. Училишните објекти се одржуваат и се во добра состојба. Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на настава и воннаставни активности, и се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар. Наставата се одвива во две смени. Училиштето поседува 13 противпожарни апарати ( 11 во централното училиште и 2 во подрачното училиште) кои се редовно

сервисирани, 3 хидранти и функционална громобранска инсталација која редовно се мери и сервисира. Училишниот простор се затоплува со сопствено парно греење на нафта. Училишните објекти,опремата,учениците и дел вработени се осигурани со Полиса број ОР- 00970853.Училиштето во континуитет работи на подобрување на условите за работа во училиштето. Во месец јануари 2020 година променета е дограмата во новата училишна зграда со што се пристапи кон енергетска ефикасност и заштеда на енергија. Извршено е целосно осветлување на надворешноста на училиштето , уредување на училишниот парк кај бистата на поетот и извршено е бојадисување на надворешните зидови.

### 7.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со збирка од опрема, наставни сретства и помагала согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни сретства". Наставните сретства и помагала се распределени по кабинети и училници со што се обезбедува нивно оптимално користење во современата и активна настава. ИКТ опремата е разлчино распоредена по кабинети и училници со цел да се овозможи соодветна и современа реализација на поставените цели од различни области и наставни предемети. Наставниот предмет информатика се реализира во кабинет опремен со 24 деск компјутери и интернет конекција. Медиотеката која е опременасо 24 деск компкутери и интернет конекција се користи за изведување настава по историја, географија и граѓанско образование. Предметот техничко образование се реализира во училница опремена со 24 деск компјутери и интернет конекција. Предметот германски јазик се реализира во кабинет опремен со 10 таблети со интернет конекција, 1 лаптоп, електронска табла и ЛЦД проектор. Наставниот предмет биологија се реализара во училница опремена со ЛЦД проектор, интернет конекција и наставни сретства и помагала наменети за наставата по биологија. Наставните предмети хемија и физика се реализираат во кабинети опремени со 24 деск компјутери , интернет конекција и наставни сретства и помагала за тие предмети. За потребите на наставниот кадар на располагање стојата 69 лаптопи, 3 пен таблети, 4 ПС таблети, 1 фотокопир и 2 ЛЦД проектори. Училниците во кои се реализира одделенка настава се опремени со ТВ монитори како и деск комјутер. Во училниците во кои се реализира настава за четврто одделение поставени се интерактивни табли. За реализација на наставата по комјутер и основи на програмирање на учениците на располагање им стојат ученички лаптопи classemate-257. Училиштето има потреба од набавување на соодветни наставни сретства и помагала како за учениците кои учат според реформираното образование така и за останатите ученици. Училиштето располага со добро организирана и подредена библиотека која ја води 1 наставник по македонски јазик. Библиотеката располага со библиотечен фонд од 17 750 книги од кои 2129 лектирни изданија, 2422 стучна литература, 4143 романи, 3312 раскази, 4412 поезија и 621 драми. Библиотеката располага и со книжен фонд на странски јазик: 316 на англиски јазик, 30 на германски јазик, 11 на албански јазик, 6 на турски јазик, 380 на српскохрватски јазик и 4 на словенечки јазик. Во послените три година библиотечниот фонд е зголемен со 155 наслови од стручна литература и 864 наслови од белетристика. Библиотечната евиденција се води со картички. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденцијата се води навремено и прописно. Во училишната библиотека има компјутер и интернет врска. Работното време на библиотеката е оптимално и овозможува непречена посета на учениците и наставниот кадар. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето. Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето.

## 7.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето вработени се вкупно 75 наставници. Воспитно образовната работа во одделенска настава ја изведуваат 30 наставници, а во предметна настава 45 наставници. Двајца наставници од училиштето дополнуваат часови во други училишта , а четворица наставници од други учишта надополнува часови во ова училиште. Во одделенска настава ангажирани се 4 наставници по англиски јазик, 4 наставници по физичко и здравствено образование, 1 наставник по техничко образование и 2 наставници по природни науки. Наставниот кадар е во согласност со Нормативот за наставен кадар и поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Квалификуван е и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Поголемиот број на наставници ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Од стручни соработници училиштето има педагот, психолог и библиотекар кои им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба работи по своја програма и е дел од тимот за професионален развој на наставниот кадар. Во училиштето нема вработено дефектолог и покрај тоа во училиштето од година во година се зголемува бројот на деца со посебни потреби кои се вклучуваат во редовната настава. За потребите на децата со посебни потреби во училиштето се ангажирани три образовни асистенти.

## 7.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училишниот тим за професионален развој на наставниот кадар ги детектира потребите и приоритетите за професиоланиот развој на наставниците, стручната служба и директорот на училиштето. Преку анкетирање и изготвување на програма за екстерни-интерни обуки се планирани корисниците на обуки и се води база на податоци за реализираните екстерни обуки семинари и работилници за 2022 и 2023 година. Наставниот кадар од одделенска има посетено обуки за новата наставна програма по новатта концепција,Дизајнирање на објективни тестови на знаења,обука за изработка на програма за слободнои изборни предмети,организирани од МОН и БРО.Предметна настава ги има посетено обуки за:Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби / попреченост,Мултикултурализам во еднојазични и повеќе јазични училишта.Обука за наставниците по ликовно образование за новата програма за 6 то одделение.Разрешување на конфликти со учениците и меѓу учениците,Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби,6-та Едукативна конференција за наставници и ИТ експерти-Еразмус,Искуствено учење за животна средина и климатски промени Вебинар - Предизвикувачкооднесување - справување и добрипрактики.Обуканатема: Интегрирањенапрофесионалниотразвој и кариерното советувањ е вонаставата Обука: „Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште",и други обуки наведени во извештајот за обуки на училиштето,организирани од МОН и БРО. Со изготвување на планот за професионалниот развој на ниво на училиште поставени се стандардите и воспоставена е врска помеѓу исходите од учењето и методите на поучување. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Училиштето има стратегија за десиминирање на знаењата , вештините и способностите на наставниот кадар, па така сите наставници кои посетувале одредена обука должни се сознанијата да ги презентираат пред своите колеги.

### 7.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Согласно финансискиот план училиштето ги утврдува финансиските сретства потребни за извршување на тековните потреби. Финансискиот план и извештајот за финансиското работење на училиштето се доставуваат до Градоначалникот и Советот на општината. За финансиското работење ангажиран е книговодител. Директорот на училиштето врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски план за тековната година кој се усвојува на Училишниот одбор и се доставува до локалната самоуправа. Финансиските планови се изготвуваат посебно за секоја жиро-сметка со која располага училиштето. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за тековно работење на училиштето и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето. Училиштето изготвените завршни сметки ги разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и другите тела со што се обезбедува траспарентност во работењето и се следи наменското трошење на буџетот.

# 8 Управување, раководење и креирање политика

### 8.1 Управување/раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 7 членови, од кои 3 претствници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителитеи 1 претставник од основачот. Во работата на Училишниот одбор учествува и претставник на Училишниот парламент без право на глас. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работаброј 02-265/2 од 02.07..2020година. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. За својата работа и одлуките кои ги носи Училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Во изминатиот период не е организирана обука за членовите на Училишниот одбор. Училишниот одбор учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата. Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од сите вработени. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот.. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна Самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето. Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на

стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во советот на родители,непосредната и пошироката заедница, вклучувајки партнерства и со други училишта од државата и надвор од неа.

### 8.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето. Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Постојано го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование. Училиштето има Акционен план за следење на остварувањата на резултатите од дефинираните цели и План за следење и евалуација и Индикатори за остварување на резултатите од поставените цели. Работи на информирање на наставниците, учениците и родителите, преку училишниот весник ,својата веб страна за резултатите кои треба да се постигнат и временскиот период во кој треба да се реализираат.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Училиштето има одлична местоположба и долгогодишна традиција за успешно работење.
- Раководниот орган добро раководи со училиштето и во работата има поддршка од најголемиот број на субјекти во него.
- Постои координирана и континуирана соработка меѓу советот на родители, училишниот одбор и директорот на училиштето.
- Училиштето учествува во проекти како и на општински, регионални и државни натпревари каде постигнува успеси.
- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница, невладини организации и други институции.

- Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.
- Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување.

## Слаби страни

- Немањето на стручен соработник дефектолог се одразува на квалитетот на работата со децата со посебни потреби.
- Училиштето нема формирано спортски клуб
- Нема партнер училиште.
- Во училиштето не се дообезбедени посебни услови за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.

## Препораки

- Училиштето да преземе активности за обезбедување на стручно лице дефектолог
- Училиштето да формира спортски клуб
- Да се направат напори за партнер училиште
- Да се дообезбедат посебните услови за помош и подршка на децата со ПОП

| | |
|---|---|
| Џемо Демироски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Жана Димоска, Инспектор | |
| Благоја Стенкоски, Инспектор | |